АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/16
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100 -та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Додаток за осигурување на тешки болести**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Додатокот за осигурување на тешки болести, и тоа:

1. **Во членот 1:**
   **1.1. Насловот** на членот се менува така што зборот „Општи“ се заменува со зборот „Воведни“;
   **1.2. Ставот (1)** се менува и гласи:
   „Овој Додаток за осигурување на тешки болести (во натамошниот текст: Додаток) е составен дел на договорот за приватно здравствено осигурување што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје (во натамошниот текст: осигурувач) врз основа на услови за приватно здравствено осигурување, со вклучен ризик од тешки болести.“
   **1.3. Ставот (2)** се менува и гласи:
   „Овој Додаток за осигурување на тешки болести е составен дел и на договорот за осигурување од последици на несреќен случај (незгода), што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со осигурувачот, врз основа на услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, со вклучен ризик од тешки болести. “;

2. **Во членот 2:**
   **2.1. Се додава наслов** на членот кој гласи: „Способност за осигурување“;
   **2.2. во ставот (1),** на крајот на реченицата точката се заменува со запирка, и се додаваат зборовите:„ кои имаат способност за осигурување според условите за приватно здравствено осигурување, односно според услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај.“

3. **Во членот 3:**
   **3.1. Се додава наслов** на членот кој гласи: „Тешка болест“;

3.2. **Во ставот (1),** зборовите „...во смисла на...“ се заменуваат со зборот „како“, по зборот „случај“ се додаваат зборовите „во смисла на овој Додаток“, зборовите „...болест од...“ се заменуваат со зборовите „некоја од болестите наведени во“ и зборовите „...а по потреба и друга помош...“, се заменуваат со зборовите „како и потреба од помош од друго лице“

3.3. **Во ставот (2),** зборот „ болести“ се заменува со зборот „болеста“ и зборовите „...мораат да бидат утврдени..“ се заменуваат со зборовите „мора да биде утврдена“;

3.4. **Во ставот (4),** зборот **„Болести“** се членува така што се додава „те“, зборовите **„..**осигурувачот подразбира..“ се заменуваат со зборовите „се сметаат“, зборот „кога“ се заменува со зборовите „само под услов“, по зборот „состојба“ се додава „да“ и на крајот на реченицата се додаваат во заграда зборовите „(туѓа нега)“;

3.5. **Во ставот (5),** зборот **„Болести“** се членува така што се додава „те“, зборовите **„..**осигурувачот подразбира..“ се заменуваат со зборовите „се сметаат“, зборот „кога“ се заменува со зборовите „само под услов“ и по зборот „осигуреник“ се додава „да“;

4. **Во членот 4:**

4.1. **Се додава наслов** на членот кој гласи: „Обем на обврските на осигурувачот“;

4.2. **Во точка 1** од ставот (1), зборот „колективно“ се заменува со зборовите „приватно здравствено осигурување или во соодветно“, зборот „работници“ се заменува со зборот „лица“ и зборовите „ ..ризик смрт поради..“ се заменуваат со зборовите „ вклучен ризик од тешка“;

4.3. **Во точка 2** од ставот (1), зборот „колективно“ се заменува со зборовите „приватно здравствено осигурување или во соодветно“, зборот „работници“ се заменува со зборот „лица“ и зборовите „ ..ризик смрт поради..“ се заменуваат со зборовите „ вклучен ризик од тешка“;

4.4. **Се додава нова точка 3,** која гласи:
„50% од износот за кој е зголемена осигурената сума од претходната осигурителна година, а тешката болест кај осигуреникот настапила во текот на првите шест месеци од извршеното зголемување на осигурената сума и договорената осигурена сума од претходната осигурителна година.“;

5. **Членот 5** се брише, а одредбата од членот 5 се додава како став (3) во членот 4, и се менува така што гласи: „ (3) Ако осигуреникот умре од болеста од членот 3 став 3 од овој Додаток пред осигурувачот да ја исплати својата обврска утврдена врз основа на овој Додаток, осигурената сума за случај на тешка болест осигурувачот ќе ја исплати на законските наследници на осигуреникот.“;

6. Броевите на членовите 6 и 7 редоследно се менуваат во 5 и 6;

7. **Во членот 6,** во првата реченица на ставот (1), пред зборот „осигуреникот“ се додаваат зборовите „Покрај оврските од соодветните услови за осигурување,..“, во точката 3 се бришат зборовите „до тогаш“ и зборот „лечел“ се заменува со зборовите „ лекувал, како и кај матичниот лекар“;

8. **Во членот 7:**
   8.1. **Се додава наслов** на членот кој гласи: „Примена на условите за осигурување“;
   8.2. **Одредбата** се менува така што гласи: „Овој Додаток важи заедно со одредени услови за приватно здравствено осигурување или заедно со одредени услови за осигурување лица од последици на несреќен случај, а во случај на несовпаѓање или спротивност со содржината на соодветните услови, се применува овој Додаток.“

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Додатокот за осигурување на тешки болести.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*

Акционерско друштво за осигурување eurolink 1 Скопје